**"МАКПЕТРОЛ" А.Д - СКОПЈЕ**
**XXVII СОБРАНИЕ**
**Бр.0201- 26/7**
**30.5.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членовите 22, 383 и 418 од Законот за трговските друштва и членот 125 од Статутот на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје, Собранието на „Макпетрол“ А.Д. – Скопје на XXVII седница, одржана на 30.5.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за измена и дополнување на Статутот на Макпетрол АД Скопје

Во Статутот на Макпетрол АД Скопје (пречистен текст број 0201-30/1 од 23.6.2020 година), се вршат следните измени и дополнувања:

### Член 1

Во членот 11, ставот 2, се брише.

### Член 2

Во членот 15, ставот 3, зборот „долгорочни", се брише.

### Член 3

Во членот 30, ставот 1 се менува и гласи:

„Учеството на акционерите во добивката се определува сразмерно со бројот на акциите што ги поседуваат“.

### Член 4

Во членот 46, став 2, после зборот „полномошник", се додаваат зборовите, „во моментот на одржување на седницата на Собранието".

### Член 5

Во членот 48, се брише реченицата
„Овој извод е единствен валиден доказ според кој ќе се определува бројот на гласовите на акционерите, нивните застапници, односно претставници".

**Член 6**

Во членот 49:

Во ставот 1, се бришат зборовите, „потврдата од членот 46 став 2 и", после зборот „легитимираат", се бришат зборовите „со потврдата" и бројот „45" се заменува со бројот „44", а бројот „4" се заменува со бројот „5".

Во ставот 2, после зборот „што се", се додава зборот „проверува" и се бришат зборовите „споредува бројот на акциите по потврдата од членот 46 став 2, со".

Ставот 3 се брише.

**Член 7**

Во членот 50:

Во ставот 1, после зборовите „пријавени акционери", се додаваат зборовите „и нивни полномошници", а после зборовите „за собранието", се брише точката (.) и се додаваат зборовите „и список на акционери кои гласале со кореспонденција, доколку акционерите гласале со кореспонденција".

Во ставот 2, после зборовите „пријавените акционери", се додаваат зборовите „и нивни полномошници и списокот на акционери кои гласале со кореспонденција,".

Во ставот 3, зборовите „списокот од ставот 2 на овој член" се бришат и се додаваат зборовите „списокот на пријавени акционери и нивни полномошници".

Во ставот 4, зборовите „потпишаниот список", се бришат и се додаваат зборовите „Потпишаните списоци од ставот 1 на овој член од", зборот „го" се заменува со зборот „ги", а во втората реченица, зборот „списокот", се заменува со зборот „списоците,".

Во ставот 5, зборовите „Заверениот список", се заменуваат со зборовите „заверените списоци", зборот „дава" се заменува со зборот „даваат", а во втората реченица, зборовите „потпишаниот список", се заменува со зборовите „потпишаните списоци".

**Член 8**

Во членот 52:

Во ставот 3, после зборовите „По заверката на списокот", се додаваат зборовите „на пријавени акционери и нивни полномошници и заверениот список на акционери кои гласале со кореспонденција,", а после зборовите „го констатира", се додава точка (.) и се бришат зборовите „присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно".

Во ставот 4, зборовите „потпишаниот список", се заменуваат со зборовите „потпишаните списоци од ставот 3 на овој член".

**Член 9**

Во членот 55, став 6, после зборовите „Собранието на Друштвото", се додава точка (.) и зборовите „ ,на начин утврден во ставот 6 на овој член", се бришат.

**Член 10**

Во членот 67, став 11, зборовите „службата за управни работи и норматива", се заменуваат со зборовите „Одделението за правни работи и норматива".

**Член 11**

Во членот 72, став 1 бројот „7 (седум)" се менува со бројот „5 (пет)".

**Член 12**

Членот 86-а се брише.

**Член 13**

Во членот 90 став 1 после зборовите „членот 76 став 3 и 4" се бришат зборовите „и членот 86-а од овој статут "

**Член 14**

Се овластува Надзорниот одбор на Макпетрол АД Скопје да подготви пречистен текст на Статутот.

Да се овласти регистрационен агент да поднесе Пријава за упис на измените на Статутот на Макпетрол АД Скопје до Централниот регистар на Р. Северна Македонија и да достави пречистен текст на Статутот на Друштвото.

**Член 15**

Одредбата од членот 11 на оваа одлука, со која се менува членот 72 став 1 од Статутот на Друштвото, влегува во сила со денот на донесувањето на Одлука за отповикување на членовите на Управниот одбор поради истекот на мандатот, членовите 12 и 13 влегуваат во сила од 1.1.2024 година, а сите останати одредби од оваа одлука, влегуваат во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Собранието на Макпетрол АД Скопје го разгледа предлогот за измена и дополнување на Статутот на Макпетрол АД Скопје, како и одредбите со кои, со измените и дополнувањата се поедноставува процесот на одлучување, организација и управување на Друштвото што придонесува за унапредување на работењето на Друштвото, истите се усогласени со Законот за трговските друштва, по што во согласност со членот 125 од Статутот на Макпетрол АД Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОБРАНИЕ**

**Ерол Хасан**